Република Македонија
**НОТАР**
**ВЕСНА ДОНЧЕВА**

**Извод**

**ОДУ бр. 599/2021**

**За подрачјето на Основните судови на град Скопје**
**Скопје, ул."Даме Груев" бр.28**
29.06.2021 година /ден дваесет и девети, месец Јуни, година две илјади и дваесет и прва/
Во Скопје, во 10,00 (петнаесет) часот

Јас Нотар Весна Дончева од Скопје со службено седиште на ул."Даме Груев" бр.28, надлежна за подрачјето на Основните судови во Град Скопје, потврдувам дека на Барање од Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје заведено под дел.архивски број 20610/1 од 01.06.2021 година присуствував на 49-та седница на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кое се одржа на ден 29.06.2021 година /ден дваесет и девети, месец Јуни, година две илјади и дваесет и прва/(Вторник), со почеток во 10.00 (десет ) часот во седиштето на Банката на ул."Македонија" бр.34 во Скопје.------------

Откако утврдив дека се исполнети условите за презмање на ова службено дејствије врз основа на член 92 од Законот за нотаријат, одредбите од Законот за Трговски друштва и член 8 и 9 од Правилник за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарските исправи го составив следниот---------------

**---------------ЗАПИСНИК ОД 49-та СЕДНИЦА НА АКЦИОНЕРСКОТО СОБРАНИЕ НА---------**
**-----------------------------ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ---------------------**
**----------------------------------------------------од 29.06.2021 година ------------------------------------**

Седницата на Собранието започна во 10.00 (десет) часот.------------------------------------------------
Пред отпочнување на Собранието на мое барање ми беше предочено:----------------------------------
-**Тековната состојба** на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје електронски издадена од Централен Регистар на РСМ на денот на одржување на Собранието под број 0805-50/150020210332324 од 29.06.2021 година која е **прилог А** кон овој записник од која утврдив дека Друштвото е запишано во Централен Регистар на РСМ со ЕМБС 4558669, со седиште на ул."Македонија" бр.34 Скопје, застапувано од Глигор Бишев- Претседател на Управен Одбор, Алвин Аличевиќ-член на Управен Одбор и Санел Кустурица-член на Управен Одбор; спис-кон овој записник--------------------------------------
-**Јавен повик** објавен во дневното гласило Нова Македонија на 26.05.2021 /**прилог Б** на овој записник/ со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на 49-та седница на Собранието на акционери на Банката која ќе се одржи на ден 29.06.2021 година /ден дваесет и девети, месец Јуни, година две илјади и дваесет и прва со почеток во 10,00 /десет/ часот во седиштето на Банката на ул."Македонија" бр.34 во Скопје. **прилог А**-----------------------------------------------------------------------------------------------
-**Акционерската книга** на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност печатена на ден 28.06.2021 година / ден дваесет и осми, месец Јуни, година две илјади и дваесет и прва/– во 12:54:29 часот, под ИСИН број MKINBA101012, ИБ на правно лице 04558669, Вид: обични акции, номинална вредност по ХВ: 2670 МКД, вкупен број на ХВ: 622762, вкупен номинален капитал: 1.662.774.540 МКД, број на иматели/број на сопственички позиции: 73, со состојба 48 часа пред одржувањето на седницата, со вкупно запишани 622.762 (шестотини дваесет и две илјади и седум стотини и шеесет и две) обични акции со 622.762 (шестотини дваесет и две илјади и седум стотини и шеесет и два) број на гласови-**прилог В** кон овој записник-------------

-**Пријава** за учество на акционерот на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Актиенгезелшафт (Банка воАвстрија во заверен препис на УЗП 4184/2021 и Пријава на истото на македонски јазик под УЗП бр. 4183/2021 од 29.06.2021 година-**прилози прилог Г и Д на овој Записник.**----------------------------
-**Полномошно** за учество на Собрание на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје со кое се овластува Јелена Саздовска [redacted] потпишано од овластени лица г-дин М-р Герхард Маер во својство на Прокурист и г-дин Д-р Ото Макса во својство на Прокурист- на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен Актиенгезелшафт уредно заверено кај Нотар М-р Урсула Тиер во Грац Штаерска Република Австрија под рег.број 228/21 од ден 21.06.2021 година и превод на истото од Англиски на Македонски од овластен судски преведувач Биљана Јашмак Поповска- заверено од нотар Весна Дончева под УЗП бр. 4122/2021 од 28.06.2021 и превод на истото од овластен судски преведувач Биљана Јашмак Поповска од Англиски на Македонски јазик и од овластен судски преведувач по Германски јазик Мартина Поповска заверено од нотар Весна Дончева под УЗП бр. 4123/2021 од 28.06.2021 од 28.06.2021 година-**прилози Ѓ и Е прилог на овој Записник.**----------------------------
-**Пријава** за учество на акционерот на Градежна задруга Напредок Ц.О во ликвидација заверен препис на УЗП 4180/2021 и Полномошно заверено под УЗП бр. 4192/2021 од 29.06.2021 година-**прилози Ж и З на овој Записник.**----------------------------
----------------------------

-**Список** на пријавени и присутни акционери на Собранието на акционери на Банката и ополномоштени лица пријавени за учество на Собранието кое се одржа на 29.06.2021 година /ден дваесет и деветти, месец Јуни, година две илјади и дваесет и прва кој содржи име и презиме/назив на акционерот, број на гласови, потпис, проценти --**прилог Ѕ** на овој записник----------------------------
----------------------------

-**Извештај** со број на акционери кои гласале изразен процентуално врз основа на пребројувањата на гласовите во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје-**прилог З** кон овој записник----------------------------
Од наведениот список по неговата верификација и од увидот во извештајот утврдив дека на седницата на Собранието од вкупно запишани акционери кои поседуваат вкупно 622.762 (шестотини дваесет и двеилјади и седум стотини и шеесет и две) обични акции, на седницата на Акционерско Собрание на Банката присуствуваат преставници акционери со вкупно 621.178 (шестотини и дваесет и една илјада и сто и седудесет и осум) обични акции со право на глас што процентуално преставува 99,75% (деведесет и девет запирка седумдесет и пет проценти).----------------------------
----------------------------

Собранието започна во 10,00 часот /десет часот/ и истото го отвори г-ѓица Тамара Тренчевска како претседавач од претходното собрание на акционери. За работата на Собранието доставен е следниот предлог на:----------------------------

----------------------------**ДНЕВЕН РЕД**----------------------------

1.Избор на претседавач со Собранието, Нотар и бројач на гласови;----------------------------
2.Разгледување на Записник од 48 седница на Собранието на акционери;----------------------------
3.Предлог Одлука за прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година.----------------------------
4. Предлог Одлука за измена и дополнување на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
5. Предлог Одлука за зголемување на основната главнина со емисија на обични акции со право на глас од 20-та емисија заради спроведување на статусна постапка – присоеднување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје----------------------------
6.Предлог Одлука за стекнување на сопствени акции во постапка на присоединување----------------------------
7.Годишна сметка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за периодот 01.01.-30.04.2021 година, со-Предлог одлука за усвојување на Годишната сметка.----------------------------
----------------------------

Г-ѓица Тамара Тренчевска ги поздрави присутните претставници на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје како и присутните гости и тоа г-дин Драган Илиевски-Директор на Сектор за финансии, г-ѓа Олгица Спасевска, г-дин Димитар Георгиевски, г-ѓа Христина Чучурска и г-дин Петко Димитров , и г-ѓа

Марина Чулева преставници на Друштвото за ревизија Прајсвотерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје, нагласувајќи големо задоволство од присуството на претставниците на денешната седица на годишното собрание на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, како и моето присуство како нотар-записничар на денешното Собрание на акционери. Таа констатираше дека во законски определениот рок по јавно објавениот повик во весникот „Нова Македонија, и web страната на Банката за одржување на Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, материјалите за Собранието биле достапни за сите акционери. ----------------------------------------------------------------------------------------

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**------------------------------------------------------------------------------------------------

**Избор на Претседавач на Собранието, записничар и бројач на гласови;**-------------------------------

Согласно Законот за трговски друштва, пред да се пристапи кон усвојување на дневниот ред како предлог за претседавач за ова Собрание од страна на доминантниот акционер Steiermärkische Bank und Sparkassen AG преку полномошникот Јелена Саздовска, ополномоштена врз основа на полномошно издадено од акционерот Steiermärkische Bank und Sparkassen AG кое на македонски и англиски јазик беше предложена- **Јелена Саздовска** и истата едногласно беше избрана за претседавач на денешното собрание.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека за претседавач на седницата на Акционерското Собрание на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, едногласно е избрана Јелена Саздовска.**-------------------------------

Претседавачот се заблагодари на довербата и при тоа нагласи дека и е особена чест и задоволство да ја води 49-та седница на Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје. ----------

-Претседавачот пристапи кон процедуралниот дел од дневниот ред.-------------------------------------------

По однос на бројач на гласови, Претседавачот ја предложи Христина Чучурска вработена во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје. Со оглед на тоа што други предлози немаше, истата едногласно беше избрана за бројач на гласови на денешното собрание.-------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека за бројач на гласови на седницата на Акционерското Собрание на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, едногласно е избрана г-ѓа Христина Чучурска.**----------

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, Собранието може да расправа само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред, а во законски предвидениот рок нема доставено ниту еден предлог за измена и дополнување на предложениот дневен ред.-------------------------------------------

**Полномошникот Јелена Саздовска** како претседавач информираше дека се води Записник во форма на јавна исправа од мене нотар Весна Дончева од Скопје, надлежна за подрачјето на Основните судови на град Скопје, заради потврдување на одлуките од Седницата.-----------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Утврдување на кворум**--------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се пристапи кон работниот дел на седницата претседавачот **Јелена Саздовска** изврши увид во Списокот на акционери, со број на акции и врз основа на извештајот констатира дека се исполнети условите за полноважно одржување на седницата и обезбеден е потребниот кворум за работа. По ова, претседавачот го стави предложениот дневен ред на гласање.----------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека претседавачот го стави на гласање предложениот дневен ред и истиот едногласно е усвоен од присутните акционери. Воздржани и против немаше.**--------------------------

Претседавачот предложи седницата на собранието да продолжи со работа по останатите точки од предложениот дневен ред.-------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 2.**-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2./два/ Разгледување на Записник од 48 седница на Собранието на акционери** -----------------------

Преседавачот нагласи дека Записникот од претходната 48-та седница на Собранието во пропишаниот рок по одржувањето на седницата уредно е проследен до надлежните институции и достапен е на web страната на Банката за сите акционери и заинтересирани страни и ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, претседавачот констатираше дека го разгледаа ------------------------------

------------------------------**Записникот од 48-та седница на Собрaнито на акционери**----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавачот по Процедуралниот дел пред започнување со точките од работниот дел запраша дали има некој за дискусија. За дискусија се јави Татјана Жупаноска полномошник на Градежна задруга Напредок Ц.О. во ликвидација и ги информираше присутните акционери за состојбата на**

правното лице кое е во ликвидација и е сопственик на 59 акции во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје. Притоа истакна дека интересот на правното лице Градежна задруга Напредок Ц.О. во ликвидација е да ги понудат акциите за продажба за да може да го завршат процесот на ликвидација на правното лице. Претседавачот се заблагодари на излагањето на полномошникот Татјана Жупаноска и запраша дали има некој друг за дискусија. За збор не се јави никој и Претседавачот продолжи со работа по предложените точки од дневниот ред.

Точка 3.

3./три/ Предлог Одлука за прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година.

Претседавачот Јелена Саздовска по однос на третата точка од дневниот ред -Предлог Одлука за прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година ги информираше присутните дека на 21-ви Мај 2021 година, Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија издаде Решение бр.15-15874/1 со дозвола за статусна промена – присоединување на Охридска Банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

Во тој контекст Претседавачот Јелена Саздовска потенцираше дека дополнително, со Јавниот повик за 48-то Собрание на акционери на Охридска банка АД Скопје, акционерите на Охридска банка АД Скопје – Банка што се присоединува, биле информирани дека имаат право да се изјаснат дека не сакаат да примат акции во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје –Банка што презема до денот на донесување на одлуките за прифаќање и потврдување на Спогодбата од страна на Собранијата на акционери на Банките што учествуваат во присоединувањето.

Понатаму, согласно одредбите на Спогодбата и писмените изјави од акционерите на Банката што се присоединува за одбивање да примат акции од Банката што презема за кои информација беше доставена до почетокот на оваа седница, ги информираше присутните дека 3 акционери кои поседуваат 829 обични акции со право на глас во Банката што се присоединува, доставиле писмени изјави за одбивање. Врз основа на тие информации предложи Собранието на акционери да го констатира Списокот на акционери на Банката што се присоединува со номиналните износи на акциите коишто веќе постојат во Банката што презема како и акциите коишто тие треба да ги стекнат во Банката што презема, поединечен износ за откуп на акциите од Банката што се присоединува, поединечен износ за доплата поради заокружување на цел број акции како и вкупен број на акции што Банката што презема ќе ги стекне како сопствени акции.

Врз основа на наведеното, предлагам Собранието да го констатира и Списокот на акционери.

ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно ја донесоа следната

О Д Л У К А

Одлука за прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ОДУ бр. 15/21 од 15.01.2021 година и го констатираа Списокот на акционери

Точка 4.

4./четири/ Предлог Одлука за измена и дополнување на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

Претседавачот Јелена Саздовска по однос на четвртата точка од дневниот ред -Предлог Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје ги информираше присутните дека на 21-ви Мај 2021 година, Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија издаде Решение бр.15-15874/1 со претходна согласност за измените на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

**ПОТВРДУВАМ** дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно ја донесоа следната---------------------------------------------------

--------------------------------------------------**О Д Л У К А**--------------------------------------------------

за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и пречистениот текст на Статутот.---------------------------------------------------

**Точка 5.**---------------------------------------------------

**5./пет/ Предлог Одлука за зголемување на основната главнина со емисија на обични акции со право на глас од 20-та емисија заради спроведување на статусна постапка – присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**---------------------------------------------------

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејќи никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.---------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ** дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно ја донесоа следната---------------------------------------------------

--------------------------------------------------**О Д Л У К А**--------------------------------------------------

за зголемување на основната главнина со емисија на обични акции со право на глас од 20-та емисија заради спроведување на статусна постапка – присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

**Точка 6.**---------------------------------------------------

**6./шест/ Предлог Одлука за стекнување на сопствени акции во постапка на присоединување**---------

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејќи никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.---------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ** дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно ја донесоа следната---------------------------------------------------

--------------------------------------------------**О Д Л У К А**--------------------------------------------------

За стекнување на сопствени акции во постапка на присоединување

**Точка 7.**---------------------------------------------------

**7./седум/ Годишна сметка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за периодот 01.01.-30.04.2021 година.**---------------------------------------------------

**Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејќи никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.**---------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ** дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно ја донесоа следната---------------------------------------------------

--------------------------------------------------**О Д Л У К А**--------------------------------------------------

за усвојување на Годишната сметка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за период 01.01-30.04.2021 година

Претседавачот на Собранието на акционери заклучи дека содржините од дневниот ред на 49-та седница од Собранието на Акционери се исцрпени и пред да ја затвори седницата се заблагодари на сите за присуството. Претседавачот ја затвори седницата на Собранието во 11:00 часот /единаесет часот/. -----

Потврдувам дека овој записник лично го составив и истиот заедно со прилозите го прочитав на Претседавачот на Собранието, кој раководеше со седницата на Собранието, па во знак на прифаќање своерачно го потпиша.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Претседавач г-ѓа Јелена Саздовска. с.р**
Записникот е составен на 06/шест /страни на 06шест/ листа.---------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој Записник претставува компјутерски обработен текст на записникот кој го водев лично на рака, во присуство на акционерите и застапниците/полномошниците на акционерите и останатите присутни лица, по што на учесниците ќе им се даде препис кој ќе го заведат во нивната архива, а врз основа на кој ќе ги остваруваат своите права во евентуални постапки. ---------------------------------------
Записникот е составен во шест примероци од кои пет се предадени на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, а изворникот се наоѓа во архивата на нотарот.------------------------------------------------------------
Нотарската такса за заверка по тарифен број од 27 од Законот за судски такси и член 158 ст.3 од Законот за Нотаријат во износ од 500,00 денари е наплатена. ----------------------------------------------------------------
Нотарска награда е пресметана согласно Нотарската тарифа во износ од 11.000,00 денари согласно член 41 и 42 ст.2 и трошоци во износ од 1800,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.-------------
ОДУ бр 599/2021---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје, 29.06.2021 година /ден дваесет и деветти, месец Јуни, година две илјади и дваесет и прва/---

**Нотар Весна Дончева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВЕСНА ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ВЕСНА ДОНЧЕВА

ул. Даме Груев 28

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е цел извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ___ преписи од прилози кон нотарската исправа.

Број: ОДУ 199/21

Во Скопје, 29 - 06 2021 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВЕСНА ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ